Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **Ликовно образование** за **IX (деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Ликовно образование** за **IX (деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 1 час неделно се предвидуваат 32 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема: **Цртање** (6 часа)

- Запознавање со темата, пронаоѓање на заедничкото помеѓу културата, човекот, работата и уметноста и зависноста едно од друго, ликовно творење, јазик и порака/запознавање со ликовниот јазик и пораката од ликовното творење, запознавање со поимите детално и видови
- Ликовен јазик/Запознавање со сите стилови во уметноста, карактеристики на стиловите, влијанието на другите култури врз создавањето на стилот на цртежот/ИКТ алатки

- Ликовни елементи и принципи/Препознава и анализира цртеж како ликовно дело и разликува линеарен од тонски цртеж, ритам и текстура во цртежот добиена со нестандардни материјали градација на тон преку техника и материјал за цртање
- Анализа на ликовните дела на ученикот- естетска проценка користејки ликовен јазик

Тема: **Сликање** (6 часа)

- Ликовни елементи и принципи-материјали и техники/вооучување на доминанта во околината, примена на контраст, правење на студија на слика и воочување на лик.елементи и принципи кои ја сочинуваат, поим за едниство и негово создаваењ, визирање и правење на пропорција
- Ликовни елементи и принципи- материјали и техники/драмски и лирски израз во бојата, дејство на бојата, поврзување помеѓу предметите, изразување на портерт со лирски и драмски израз, чувство за боја сликарски техники за изразување на лирски и драмски израз, воочување на различните техники и нивна примена во ликовниот израз, степенување на тон, изразување на хармонична доминанта, создавање на сложено лик, дело
- Употреба на ИКТ алатки/преку корелација на предмети прави поврзување на задачите, истражување на лик.сликарски преставници од светот и дела, усовршување на техника презентирање/претставници од сликарството (веб квест)
- Анализа на ликовните дела на ученикот- естетска проценка користејки ликовен јазик

Тема: **Графика** (6 часа)

- Материјали и техники во графиката видови техники усовршување на графичка техника, печатење на дела, различни начини за полесен отпечаток и различни видови на отпечаток, сито-печат
- Материјали и техники во графиката користење на ИКТ алатки, преработка на фотографија и композиција на лик.израз, каталог

- Ликовни елемети и принципи во графиката - тон, градација, форма, плоштина и композиција
- Анализа на ликовните дела на ученикот- естетска проценка користејки ликовен јазик

Тема: **Скулптура** (7 часа)

- Ликовни елементи и принципи (форма, волумен, рамнотежа, единство, боја), скица за скулптура, видео арт, интервенција, инсталација, конструирање истражување можни решавања за интервенција, инсталација и видео арт, запознавање на ликовни елементи и принципи за создавање на видео арт - ИКТ алатки
- Средства за моделирање важноста на текстурата и бојата во ликовното изразување, создавање на композиција и ликовно изразување, усовршување на техниките во скулптурата и користење на нестандардни материјали формирање на ликовен објект со компонирање на сликарски и скулптурски материјали, инсталација на невообичаен материјал
- Претставници од скулптурата преку истражувањето учениците да направат анализа на ученото со преставник, користење на ИКТ алатки
- Анализа на ликовните дела на ученикот- естетска проценка користејки ликовен јазик

Тема: **Дизајн и визуелна комуникација** (7 часа)

- Ликовни елементи и принципи во дизајнот/модно креирање на скица за облека од одредена прилика по инспирација на ликовните дела од еден уметник/(Ван Гог), користење на комбинирани лик.елемнти и принципи -декорацијата во функцијата на дизајнот, винета, розета, рабеска, запознавање со поимот украс, декорација, розета, винета, рабеска, создавање налик.дело со комбинирање на лик.елементи и принципи-композиција запознавање со филигран, златар и вез, користење на ликовните елементи и принципи во сопственото дело, значењето и дејството

- Визуелна комуникација видови-користење на ИКТ алатки и запознавање со реклама, спот, билборт, амбалажа и нивните цели, композиција и создавање на истите, препознавање на функцијата на медиумите. Видови, запознавање со графичкиот дизајн и индустриската технологија, зависностите една од друга, влијанието врз луѓето и компонирање на истите, запознавање со употребливите и општествените потреби од дизајнот
- Ликовни елементи и принципи - користење на ИКТ алатки и воочување на визуелната комуникација со сите видови на уметност POWER POINT
- Анализа на ликовните дела на ученикот- естетска проценка користејки ликовен јазик

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Скратената наставна програма по наставниот предмет Ликовно образование за IX (деветто) одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година ќе се реализира во 32 наставни часови. Наставните содржини од програмата остануваат исти но распоредени во рамките на 32 наставни часа. Направен е спој на наставни содржини од исти теми водејќи сметка за логичната поврзаност помеѓу нив. Се препорачува наставникот при реализацијата на наставниот час во кој има интегрирано две или повеке наставни содржини да биде внимателен со обемот на наставната материја. Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма. Следењето на постигањата на учениците секој наставник индивидуално да го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејки најразлични методи, техники и инструменти.

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени ориентационо заедно со конкретните цели и теми/содржини. Наставникот не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку според сопствената креативност и според постигањата на ученици.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Ликовно образование** за **IX (деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Бр.12-8424/53 | Министер за образование и наука

16.9.2020 | Мила Царовска